АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.02.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1134 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

**1. Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Нова Македонија";

2.2. Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на весникот „Слободен печат";

2.3. Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Вечер";

2.4. Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на весникот „Коха";

2.5. Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Капитал";

2.6. Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Фокус";

2.7. Друштво за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазините „Лековити билки", „Руски доктор" и „Диета хроно&кето";

2.8. Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазините „Unique" и „Auto Focus";

2.9. Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на магазинот „М Магазин/Авто плус";

2.10. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на весниците „Јени Балкан" и „Јени Балкан Хафтал'к Билтен";

2.11. Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Лајм";

2.12. Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Економија и бизнис;

2.13. Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на весникот „Заман“ и на магазинот „Заман шќип“;

2.14. Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Портрет“;

2.15. Друштво за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на весникот „Штипски глас“;

2.16. Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на магазинот „Убавина и здравје“;

2.17. Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на магазинот „Порта3“;

2.18. Друштво за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје, издавач на магазините „Мини Либи“ и „Либи“;

2.19. Друштво за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје, издавач на весникот „Независен весник“;

2.20. Културно здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на магазинот „Шења“;

2.21. Друштво за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Скопско Ехо“;

2.22. Друштво за производство, трговија, услуги и маркетинг МЕД ФОКУС ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Храна и вино“.

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданијата од 22 февруари 2019 година на дневните весници „Нова Македонија“ бр. 24567, „Слободен печат“ бр. 1594, „Вечер“ бр. 16964, „Коха“ бр. 3591, „Лајм“ бр. 3668 и „Независен весник“ бр. 343;
- изданијата од 22 февруари 2019 година на неделните весници „Капитал“ бр. 1008 и „Фокус“ бр. 1220;
- изданието од 21 февруари 2019 година на неделниот весник „Скопско Ехо“ бр. 104;
- изданието од 19-25 февруари 2019 година на неделниот весниик „Заман“ бр. 1180;
- изданието од 28 јануари 2019 година на неделниот весник „ Јени Балкан Хафтал'к Билтен “ бр. 49;
- изданијата за месец јануари 2019 година на месечните весници „Јени Балкан“ бр. 692 и „Штипски глас“ бр. 89;
- изданието за месеците февруари и март 2019 година на магазинот „Диета хроно&кето“ бр. 1;
- изданијата за месец февруари 2019 година на магазините „Лековити билки“ бр. 46, „Руски доктор“ бр. 35, „Unique“ бр. 110, „М Магазин/Авто Плус“, „Економија и бизнис“ бр. 247, „Заман шќип“ бр. 158, „Портрет“ бр. 38, „Порта3“ бр. 277, „Мини либи“ бр. 19, „Либи“ бр. 19, „Шења“ бр. 94 и „Храна и вино“ бр. 173;
- изданието за месеците јануари и февруари на магазинот „Убавина и здравје“ бр. 126; и
- изданието за месец декември 2018 година на магазинот „Auto Focus“ бр. 135.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 27 февруари 2019 година

**4. Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

**5. Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е во целост исполнета кај сите печатени медиуми опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***